Уп. бр. 08-113

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Др. Инг. х.ц. Ф. Порше Акциегезелшафт со регистрирано седиште на адреса Поршеплац 1, 70435 Штутгарт, Германија, доставено преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 04.07.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Др. Инг. х.ц. Ф. Порше Акциегезелшафт (Dr. Ing. h.c. F. Porsche Aktiengesellschaft), со регистрирано седиште на адреса Поршеплац 1, 70435 Штутгарт, Германија ќе стекне самостојна контрола над В4Драјв Батери ГмбХ (V4Drive Battery GmbH), со регистрирано седиште на Нурнбергер Штрасе 64-65, 86720 Нурдлинген, Германија, преку зголемување на основна главнина, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000, оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 06.08.2024 година до Комисијата за

заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на друштвото Др. Инг. х.ц. Ф. Порше Акциегезелшафт (Dr. Ing. h.c. F. Porsche Aktiengesellschaft), со регистрирано седиште на адреса Поршеплац 1, 70435 Штутгарт, Германија, со која Др. Инг. х.ц. Ф. Порше Акциегезелшафт ќе стекне самостојна контрола над В4Драјв Батери ГмбХ (V4Drive Battery GmbH), со регистрирано седиште на Нурнбергер Штрасе 64-65, 86720 Нурдлинген, Германија, преку зголемување на основна главнина.

Пред концентрацијата, В4Драјв Батери ГмбХ е во целосна сопственост и под самостојна контрола на Варта АГ со регистрирано седиште на ВАРТА-Плац 1, 73479 Елванген Јангст, Германија.

Дополнително, пред затворање на Предложената трансакција, Варта АГ ќе ја пренесе деловната единица за големи литиум-јонски батериски ќелии („Деловно работење со големи литиум-јонски батерии"), која моментално е работена од повеќе зависни друштва на Варта АГ, на В4Драјв Батери ГмбХ. Покрај малите производствени серии на литиум-јонски округли ќелии, оваа деловна единица го сочинува деловното работење за литиум-јонски округли ќелии во голем формат за автомобилски намени (деловното работење за е-мобилност (e-mobility) и неавтомобилски намени (RoundPower). Истовремен

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**Др. Инг. х.ц. Ф. Порше Акциегезелшафт** е германски производител кој специјализира во развој, производство и продажба во спортски автомобили со високи перформанси, како и теренци (SUV) и седани. Корпоративното седиште на Порше е лоцирано во Штутгарт, Германија.

Др. Инг. х.ц. Ф. Порше Акциегезелшафт е зависно друштво под индиректна контрола на Фолксваген Акциенгезелшафт (Volkswagen Aktiengesellschaft; „ФВАГ"), друштво кое котира на берза со седиште во Волфсбург, Германија, кое е управувачкото владејачко друштво на Фолксваген Групацијата („Фолксваген Групација").

Фолксваген Групацијата е активна на светско ниво со развој, производство, маркетинг и продажба на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, транспортни автобуси, шасии за автобуси и дизел мотори, мотоцикли, вклучувајќи резервни делови и дополнителна опрема. Фолксваген Групацијата исто така се занимава со дистрибуција на возила. Фолксваген Групацијата ги вклучува брендовите на моторни возила Фолксваген Песинџер, Фолксваген Лајт Комршал, Порше, Ауди, Шкода, Ламборгини, СЕАТ, МАН, Сканиа и Дукати. Фолксваген Групацијата исто така нуди решенија за услуги за мобилност,

како што се возила на повик (и споделување на возила.

Дополнително, Фолксваген Групацијата обезбедува финансиски услуги и услуги за осигурување поврзани со дистрибуција и финансирање на своите автомобили и комерцијални возила. Оваа дејност се спроведува главно преку Фолксваген Фајненшл Срвисис АГ (Volkswagen Financial Services AG; „ФСАГ”) и неговите зависни друштва. ФСАГ нуди услуги како што се финансирање, лизинг, осигурување и услуги за набавка на осигурување во врска со автомобили и комерцијални возила. Конечно, преку зависното друштво на ФСАГ, Фолксваген Банк ГмбХ (Volkswagen Bank GmbH), Фолксваген Групацијата обезбедува директни банкарски услуги.

Фолксваген Групацијата е присутна во Северна Македонија преку следните зависни друштва:

-Порше Лизинг ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје и со регистрирана приоритетна дејност-финансиски лизинг;

-Порше Брокер АД Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје и со регистрирана приоритетна дејност-дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници;

-Сканиа Македонија ДООЕЛ Илинден, со регистрирано седиште на ул. 34 бр. 7 Илинден, Скопје и со регистрирана приоритетна дејност-трговија со станати моторни возила и

-Порше Македонија ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 4 Скопје и со регистрирана приоритетна дејност-трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија.

Деловните цели на В4Драјв Батери ГмбХ се истражување во производи за складирање на енергија и производство и продажба на производи за складирање на енергија.

В4Драјв Батери ГмбХ не е присутен и не остварува приходи во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени

дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**